# РАБОТНА СЕСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ПЕНИТЕНЦИЈАРНИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**10-12 ноември 2014 година**

Во периодот од 10 - 12 ноември 2014 година во Маврово, претставници од Управата за извршување на санкците заедно со национален консултант ангажиран од страна на Совет на Европа одржаа тридневна работна сесија за изработка на Националната Стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Македонија.

Работната група задолжена на изработка на овој стратешки документ со помош на национален консултант работеше на ревидирање на наративниот дел од Националната Стратегија од методолошки и структурален аспкет, како и на развивање на Акциониот План како составен дел од Националната Стратегија. Со Акциониот План се дефинираа конкретните активности кои треба да се преземат за да се остварат очекуваните резулатати со конкретни временски рокови на реализација, носители на активности, фискални импликации и индикатори за успешност.

Настанот е организиран во рамките на ИПА Проектот 2009 "Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица".